Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија и член 31 од Колективниот Договор на ЈП „Водовод“ - Охрид, а согласно Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈП „Водовод“ - Охрид и Согласноста дадена од Градоначалник на Општина Охрид со арх.бр. 09-6580/2 од 20.05.2026 година, Директорот на ЈП „Водовод“ - Охрид објавува

ЈАВЕН ОГЛАС 3/2026
за вработување на неопределно време

Општите услови утврдени со Законот за јавни претпријатија, Законот за работни односи и Колективниот договор, за давателите на услуги во областа на комуналните дејности се кандидатот да е државјанин на Република Македонија, активно да го користи македонскиот јазик, да е полнолетен, да има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Распоред на работно време
- Работни денови: понеделник - петок
- Работни часови неделно: 40
- Работно време: од 07:00 до 15:00 и од 13:00 до 21:00
- Опис за работното време: работа во смени

1. Оператор машинист КДР0305В02051 (2) извршител(и)

Посебни услови
- Најмалку ниво на квалификации IV, или четири годишно средно образование;
- Најмалку две години работно искуство во струката.

Потребни работни компетенции
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа.
- учење и развој
- комуникација
- ориентираност кон странките/засегнати страни

Паричен нето износ на плата: 26.046,00 денари

Со пријавите по огласот кандидатите треба да достават:
1. Уверение или Решение за државјанство (фотокопија)
2. Доказ за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност;
4. Доказ за општа здравствена состојба
5. Доказ за работно искуство

РОК ЗА ПРИЈАВА:

Рокот за пријавување по Јавниот оглас изнесува 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници. Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП „Водовод“ - Охрид. Пријавите да се достават лично или преку пошта во архивата на Ј.П. Водовод Охрид, на ул.Наум Охридски б.б. Охрид.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во претпријатието се состои од две фази и тоа:
Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата;
Фаза 2 – Интервју
Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 5 (пет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги

Охрид,
19.11.2026г.

ЈП „Водовод“ - Охрид
Директор Марјан Ристески